**Годишен извештај за работата на Одделение за државна ветеринарна инспекција за граничен премин при Секторот за гранична ветеринарна инспекција за 2013 година**

## I. ВОВЕД

Определбата на Република Македонија за пристапување во ЕУ и должностите за спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, ја утврдуваат потребата за усогласување на националното законодавство од областа на безбедноста на храната со соодветното ЕУ Acquis, како и негова целосна имплементација во секторот храна.

Поглавјето 12 од Националната Програма за усвојување на правото на Европската Унија, Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика, преку соодветните надлежни органи одговорни за безбедност на храната во Република Македонија, детално ја разработува оваа област, почнувајќи од примарното производство на храна до нејзината употреба од страна на крајниот потрошувач.

Со одредени број легислативни акти (опфатени со Поглавјето 12), Европската Унија го дефинира системот на безбедност на храна како единствен систем од фарма до трпеза, со покривање на сите сектори на ланецот на исхрана, вклучително и производството на добиточна храна и исхрана на животните, примарното производство, преработката на храната, складирањето и дистрибуцијата, здравствената заштита и благосостојба на животните.

Од тука, Управата за ветеринарство која до 31.12.2010 година беше орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство **со донесување на Законот за безбедност на храната** (“Службен весник на Република Македонија“ бр **157/10) од 01 јануари 2011 година, се инкорпорира во Агенција за храна и ветеринарство на Република Македонија (понатаму во текстот АХВ)** заедно со Дирекцијата за храна која беше орган во состав на Министерството за здравство. Со ова се заврши уште една активност, формирање на независна институција за ветеринарство и безбедност на храна која ќе делува како единствен надлежен орган за областите кои се предмет на Поглавјето 12, согласно ЕУ Acquis, со што ќе се реши проблемот со преколпување на надлежностите од една страна и оптимално користење на достапните средства во однос на вработувања, опрема и објекти од друга страна.

АХВ, е самостоен орган на државната управа со својство на правно лице, и е надлежен орган за вршење на работите во областа на безбедноста на храна и храна за животни, спроведување, контрола, надзор и следење на ветеринарните активности во областа на здравствената заштита на животните, нивна благосостојба, ветеринарното јавно здравство, како и контрола на лаборатории кои даваат поддршка за потребите на Агенцијата.

АХВ конторолните системи во интегрираниот систем на контрола на храна ги класифицира во 11 области меѓу кои и : контролен систем за храна од животинско потекло (Control system for food of animal origin); контролен систем за увоз на храна од животинско потекло (Control system for imports of food of animal origin);контролен систем за генерална безбедност на храната (Control system for general food hygiene) контролен систем за увоз на храна од растително потекло (Control system for imports of food of plant origin); контролен систем за пестициди (Control system for pesticides); и контролен систем за благосостојба на животните (Control system for animal welfare).

Согласно Правилникот за систематизација на работните места во состав на АХВ од 01.02.2011 година функционираат седум сектори и тоа: сектор за гранична инспекција, сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните, сектор за ветеринарно јавно здравство,

сектор за храна од неживотинско потекло, сектор за ЕУ и меѓународна соработка, сектор за правни и административни работи и сектор за стручна подршка.

На централно ниво Секторот за гранична инспекција опфаќаше три одделенија и тоа: Одделение за државна ветеринарна инспекција за граничен премин, Одделение за меѓународна трговија и сертификација, со вкупно вработени 6 државни службеници- доктори по ветеринарна медицина, како и Одделение за државна инспекција за граничен премин за храна од неживотинско потекло.

Ветеринарната инспекција на граничните премини е организирана во состав на Одделението за државна ветеринарна инспекција за граничен премин, кое на центрлано ниво брои 3 државни службеници- доктори по ветеринарна медицина. Граничните премини каде се дозволени увозот, извозот и провозот на пратките опфатени со Законот за ветеринарното здравство ги определува Владата на Република Македонија. Ветеринарниот проверка и преглед на пратки живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло се спроведуваа од страна на **19 официјални ветеринари распоредени на ветеринарни инспекциски места на 9 гранични премини.**

Обврската на Република Македонија да организира ветеринарна контрола на граничните премини произлегува од Законот за ветеринарното здравство, Кодексот на Меѓународната организација за здравствена заштита на животните (ОИЕ) со седиште во Париз чиј член е и Република Македонија, меѓународните билатерални договори за соработка во областа на ветеринарството и меѓународните конвенции за контрола на стоки на границите.

Врз основа на Законот за ветеринарно здравство, официјалниот ветеринар на граничниот премин при службен надзор и контрола има право и должност да врши ветеринарни проверки и прегледи на пратките со живи животни и производи од животинско потекло.

Секторот за гранична ветеринарна инспекција во идниот период ќе продолжи да ги спроведува активностите во делот на усогласување на легислативата согласно европските стандарди, што суштински преставува усогласување и примена на ЕУ принципите и политиките во согласност со европските норми, преку спроведување на веќе изготвените законски акти како и со донесување на идните, предвидени со Поглавјето 12 од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија.
Спроведување на горенаведените активности ќе придонесе за непречено остварување на целосната легислатива од областа на ветеринарното здравство во делот на граничната ветеринарна инспекција, со што би се постигнало соодветно управување во ветеринарната инспекциска служба од една страна и воспоставување контролен систем компатибилен со контролниот во ЕУ од друга страна, но и директна одговорност од страна на ветеринарните инспекциски служби, а како последица на тоа, успешно спроведени ветеринарни контроли согласно високите ЕУ стандарди.

Со овој нов реорганизиран концепт, Секторот за гранична инспекција (понатаму во текстот: Сектор за ГИ)- со трите одделенија како дел од **АХВ,** во текот на 2013 година вложи посебни напори за реализација на неколку проекти од исклучителна важност за воспоставувањето на контролен систем компатибилен со контролниот во ЕУ, се со цел да се зголеми ефикасноста и ефективноста на инспекциските контроли при што нема да биде доведено во прашање здравјето на луѓето, животните и животната средина, и тоа:

1. Идентификување на приоритетните области и активности **за олеснување на меѓународната трговија, ја наметна** потребата АХВ да спроведе активности за намалување на трошоците и олеснување на трговијата. Проектот кој беше иницирани и подржан од Светска Банка (***World Bank***) - Меѓународната Финансиска Корпорација ***(IFC Europe and Central Asia Department - Regional Trade Logistics Project*** ), започна во првата половина на 2013 година. Согласно

акциониот план, Секторот за ГИ пристапи кон реализација на низа активности за олеснување на меѓународната трговијата, што секако е во насока со препораките на ЕУ за воспоставување на инспекциски контроли согласно високите ЕУ стандарди и добрите практики. За таа цел, извршивме детална анализа на ризик на пратките од увоз, и по неколкумесечно собирање и анализа на податоци од претходната година кои се однесуваа на различни пратки од различна земја на потекло кои влегуваат на различни гранични премини на влез, **за прв пат развивме МОНИТОРИГ ПЛАН на база на ризик анализа**.

2. Врз основа на направената анализа на ризик во 2013 година се **изготвија 4 планови за мониторинг на пратките од увоз за следната 2014 година:** за храна од животинско потекло, храна за исхрана на животни, храна од неживотинско потекло и за материјали кои доаѓаат во контакт со храната. Истовремено започнавме со измена на законодавството со цел имплементација на плановите за мониторинг.

3. Со воспоставување на погоре наведената **Ризик анализа и Мониторинг план, очекуваме:**

   - **Намалување на фрекфенцијата на преглед на пратките на граничен премин;**
   - **Намалување на времетраењето на прегледот со поедноставување на увозните постапки** со намалување, усогласување и хармонизирање на документираните барања и постапки, што секако е основа и за воспоставување на меѓуагенциска координација (SPS надлежни органи со Царинската управа) во областа на управување со ризик и контрола на увозно/извозните постапки, кои се есенцијални во воспоставувањето на билатералната и регионалната соработка;
   - **Редуцирање на пратките од увоз** кои ќе подлегнуваат на земање на мостра за лабораториски анализи при што значително би се намалил бројот на пратките кои ќе подлежат на лабораториска анализа за околу 50% во споредба со досегашните пратки;
   - **Намалување на финансиските надоместоци** поврзани со увозно/извозните постапки;
   - **Ставање на јавното мислење во фокусот на вниманието на надлежните органи** за ветеринарна контрола, безбедност на храна и санитарната-фитосанитарната контрола.

4. Од тука, како дополнителна активност за подршка на процесот на имплементирање на Мониторинг планот врз база на ризик анализа за пратките од увоз која започната кон крајот на 2013 и треба да продолжи во 2014 година е: **надоградба и подобрување на сите модули од *"Главен информативен систем за гранична инспекција"*** кој е оперативен софтверски систем за граничната инспекција од 2007 година.

5. Согласно активностите предвидени со рамковниот договор од инструментот ИПА 2009 се изготви тендерската документација за договор за изградба на објекти на ГП Блаце за ветеринарна и фитосанитарна контрола како и тендерска документација за договор за надзор над спроведување на изградба за истите. Овој процес е започнат во март 2013 година, при што финалниот извештај е завршен во јуни 2013 година. Преку инструментот -ИПА 2010, обезбедени се средства за склучување на договор за започнување на **изградба на објекти на**

**ГП Блаце** за ветеринарна и фитосанитарна контрола, како и договор за надзор над изградбата. ВИМ на ГП Блаце е главната артерија за проток на пратки од животинско потекло, кои како прекуокеански пратки најчесто од САД, Бразил и Аргентина пристигнуваат на пристаништето во Бар-Црна Гора, како и од пристаништето во Драч-Албанија. Со подобрување на патната инфраструктура во северниот дел на Република Албанија значително се зголеми бројот на транспортни компании кои го избираат токму овој ГП а не ГП Ќафасан, поради географската местоположба и близината до главиот град на Република Македонија.

Секторот за ГИ- со трите одделенија како дел од **АХВ во текот на 2013 година** продолжи и со тековните **активнстите во процесот на:**

- **усвојување на препораките** добиени од Кодекс алиментариус, Светската организација за заштита на здравјето на животните (OIE), Европската агенција за безбедност на храна (ЕФСА),
- **спроведување на најдобрите пракси** согласно европските стандарди, се со цел подобрување на деловната клима во Република Македонија како дел од државите на Западен Балкан и нивниот стремеж-интегрирање во Евроатлантските структури, во таа насока **и**
- **спроведување на насоките од ЦЕФТА-Договорот за слободна трговија** како дел од пактот за стабилност за земјите од југоисточна Европа, како и
- **Спроведување на активностите во делот на веќе воспоставениот Систем на Интегрираното гранично управување**, врз основа на Стратегијата за интегрираното гранично управување и Националниот акционен план за интегрирано гранично управување, со што се овозможува олеснување на протокот на лица и стоки преку државната граница.

**АХВ** како орган вклучен во Интегрираното гранично управување, преку **Секторот за гранична инспекција во 2013 година,** продолжи со превземање организирани и координирани мерки посебно **со царинските служби и граничната полиција како и сите други јавни служби присутни на граничните премини** во надзорот на законитоста на влезот и излезот на стоки и превозни средства, спречувањето и откривањето на сите видови на шверц преку граничните премини, контрола и спречувањето на преносот на материи и заразни болести што ги загрозуваат луѓето и стоките.

Во доставениот извештај се презентира **работењето на Секторот за гранична инспекција-Оделение за државна ветеринарна инспекција на граничен премин во 2013 година.** Извештајот се состои од пет дела и тоа: Дел 1-Општ табеларен и графички приказ на фреквенција на пратки од животинско потекло од страна на официјалните ветеринари на граничен премин во 2013 година , Дел 2-Преглед на увезени пратки млеко и производи од млеко, Дел 3-Преглед на увезени пратки месо и производи од месо, Дел 4-Преглед на увезени пратки акватични животни и производи од акватични животни и Дел 5-Општ табеларен и графички приказ на остварени приходи од проверките и прегледите на пратки од животинско потекло од страна на официјалните ветеринари на граничен премин во 2013 година, Дел 6-Преглед на увезени пратки кои при увозната постапка на ветеринарни инспекциски места на граничните премини во Република Македонија во 2013 година се предмет на уништување или враќање во земјата на испражање. Извештајот содржи и графички приказ на работењето на Сектор за гранична ветеринарна инспекција, компаративно, во изминатите, 2008, 2009, 2010, 2011,2012 и 2013 година во најзначајните сегменти од работењето на Оделение за државна ветеринарна инспекција на граничен премин.

**II. ПРИЛОГ**

## ДЕЛ 1

## ОПШТ ПРЕГЛЕД НА ФРЕКВЕНЦИЈА НА ПРАТКИ ВО УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ВЕТЕРИНАРНИ ИНСПЕКЦИСКИ МЕСТА НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2013 ГОДИНА

Во 2013 година увезени се 13,638 пратки, од кои 76% се увезени на ветеринарното инспекциско место на граничен премин Табановце, а 15% на ветеринарното инспекциско место на граничен премин Богородица. Останатите 9% од увезените пратки се внесени на другите ветеринарни инспекциски места на граничен премин.

Во 2013 година од вкупно 2,842 пратки во транзит, од кои 38% минале на ветеринарното инспекциско место на граничен премин Табановце, 17% на ветеринарното инспекциско место на граничен премин Богородица, 30% на Деве Баир, 12% на Ново Село, 3% на Ќафасан додека помалку од 1% од пратките транзитирале на другите ветеринарни инспекциски места на граничен премин: Блаце и Аеродром - Александар Велики (табела 1 и слика 1).

***Табела 1:*** Број на пратки од животинско потекло кои се увезени и транзитирале на ветеринарни инспекциски места на граничен премин во 2013 година

| Ветеринарни инспекциски места на граничен премин | Увоз | Транзит | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Табановце** | 10.403 | 1.082 | **11.485** |
| **Богородица** | 2.009 | 473 | **2.482** |
| **Деве Баир** | 545 | 841 | **1.386** |
| **Ќафасан** | 374 | 83 | **457** |
| **Мeѓитлија** | 125 | 9 | **134** |
| **Аеродром Скопје** | 79 | 1 | **80** |
| **Ново Село** | 59 | 342 | **401** |
| **Блаце** | 44 | 11 | **55** |
| **Вкупно** | **13.638** | **2.842** | **16.480** |




***Слика 1.*** Вкупен број на увезени и транзитни пратки на ветеринарни инспекциски места на граничен премин во 2013 година

Во периодот од 2008 до 2013 година во Република Македонија просечниот број на внесени – увезени пратки е 12,186, а просечниот број на пратки во транзит е 3,172.

Споредбено во периодот од 2008 до 2013, број на увезени пратки линеарно се зголемува,што не е случај и со пратките во транзит , каде се забележува благ пад на пратките во транзит.

Спредбено 2013 година со 2012 година, бројот на пратки од увоз е намален за 8 %, додека незначителен пораст од 2% има кај пратките од животинско потекло кои транзитирале низ Р.Македонија.

Пикот во однос на бројот на увезени пратки за периодот од шест години: 2008 до 2013 година, согласно податоците, останува да важи за 2012 година, што не е случај и кај бројот на пратки во транзит, пикот е во 2008 година.

Во однос на просекот, во 2013 година, бројот на пратки од увоз е зголемен за 12%, а на пратките во транзит е намален за 10% (табела 2 и слика 2).

***Табела 2:*** Број на пратки кои поминале на граничните премини при увоз и транзит во Република Македонија од 2008 до 2013 година

| | **Година** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **Просечно 2008-2013** |
| **Увоз** | 9.905 | 10.008 | 11.173 | 13.560 | 14.832 | 13.638 | 12.186 |
| **Транзит** | 3.941 | 3.348 | 2.830 | 3.285 | 2.787 | 2.842 | 3.172 |
| **Вкупно** | **13.846** | **13.356** | **14.003** | **16.845** | **17.619** | **16.480** | **15.676** |




***Слика 2.*** Вкупен проток на пратки од животинско потекло (при увоз и транзит) на ветеринарни инспекциски места на граничен премин во периодот од 2008 до 2013 година

## ДЕЛ 2

## ПРЕГЛЕД НА УВЕЗЕНИ ПРАТКИ МЛЕКО И ПРОИЗВОДИ ОД МЛЕКО ВО 2013 ГОДИНА

Во 2013 година увезени се вкупно 976 пратки млеко или 15,086,751 килорами и 3,649 пратки производи од млеко или 21,255,716 , што ја одбележува оваа година со пад од 28% помалку пратки млеко и раст од 12% на пратките производи од млеко во однос на 2012 година.

Пратките со млеко учествуваат со 7% од вкупниот број (13.638) на увезени пратки во 2013 година. Најголем увоз на млеко во нашата земја во 2013 година како и во 2012 има од Босна и Херцеговина (9,852,727 кг; односно 65% од увозот на млеко и 27% од севкупниот увоз на оваа категорија пратки). Со значителен процент се истакнуваат и земјите: Србија (2,120,318 кг млеко; односно 14% од увозот на млеко и 6% од севкупниот увоз на оваа категорија пратки), Словенија (1,979,994 кг млеко; односно 13% од увозот на млеко и 5% од севкупниот увоз на оваа категорија пратки) и Хрватска (973,267 кг млеко; односно 6% од увозот на млеко и 3% од севкупниот увоз на оваа категорија пратки). Но секако, забележлив е падот на увезените количини млеко во однос на лани, така, од Србија и Хрватска увезените количини бележат висок пад од 68% односно 64% во споредба со увезените количини млеко од овие земји во 2012 година. Како последица од ова се забележува многу висок раст од 286% на количините увозено млеко од Словенија споредбено со лани (512,081 кг. во 2012 год.). Ваквиот забележителен тренд на раст на увоз на пратки млеко од Словенија се должи на ситуацијата на откриени резидуи- ***Афлатоксин*** во млекото со потекло од Србија, која беше објавена во првиот квартал на 2013 година при што, споредбено со 2012 година увозот на млеко од оваа земја бележи пад од 68%.

Пратките со производи од млеко учествуваат со 78,8% од вкупниот увоз на млеко и негови производи. Најголеми земји извозници во Република Македонија на производи од млеко се: Германија, Србија, Хрватска, Чешка, Словенија, Грција и Полска со 26% ; 23%; 7,7%; 6% 5,7%; 5% и 4,3% (соодветно во однос на количината) од увозот на производи од млеко и 15%; 13%; 4,5%; 3,4% 3,3% 2,9% и 2,5% од вкупната увозена количина на оваа категорија пратки (табела 3 и слика 3).

Пратките со млеко во прав како производ од млеко кој најчесто се користи како суровина во млечната и прехранбената индустрија, учествуваат со 7,4% од вкупниот увоз на млеко и негови производи. Најголем увоз на млеко во прав во нашата земја во 2013 година има од Чешка (1,266,550 кг; односно 46% од увозот на млеко во прав и 3,5% од севкупниот увоз на оваа категорија пратки). Во помал процент како земји извознички се јавуваат и Полска со 17% од пратките со млеко во прав , Словачка со 12% и Германија со 5,7% од вкупниот увоз на млеко во прав.

***Табела 3:*** Увоз на пратки млеко и производи од млеко во 2013 година

| Вид на пратка | Количина во килограми | Број на пратки |
|---|---|---|
| **Млеко** | 15.086.751 | 976 |
| **Сирење** | 3.075.673 | 614 |
| **Кашкавал** | 786.779 | 108 |
| **Згуснато млеко** | 2.636.782 | 136 |
| **Кандирано млеко** | 441.410 | 133 |
| **Путер** | 616.080 | 188 |
| **Млеко во прав** | 2.700.279 | 182 |
| **Други производи од млеко** | 10.998.713 | 2.288 |
| **Вкупно** | **36.342.467** | **4.625** |




***Слика 3.*** Количини во килограми на увезено млеко и различни видови производи од млеко во 2013 година во Република Македонија

Компаративно за трите години наназад, анализата укажува тенденција на пад на увезеното количество килограми млеко во однос на 2011 година и тоа за 21 % (од ~19,000,000 на ~15,086,000 килограми). Падот продолжува и  споредбено 2012 година со 2013  и тоа за 26% (од ~20,300,000 на ~15,086,000 килограми) на количеството во килограми (слика 4).

Додека пак компаративно за трите години наназад, анализата укажува тенденција на зголемување во однос на увезеното количество во килограми производи од млеко, споредбено со 2011 година, и тоа за 6% (од ~19,950,000 на ~21,255,000 килограми). Во однос на 2012, во 2013 година исто има раст на увезеното количество во килограми производи од млеко, и тоа за 23% (од ~17,200,000 на ~21,255,000 килограми) (слика 4).




***Слика 4.*** Компаративен приказ на количество на млеко и производи од млеко увезени во периодот од 2009 до 2013 година

## ДЕЛ 3

## ПРЕГЛЕД НА УВЕЗЕНИ ПРАТКИ МЕСО И ПРОИЗВОДИ ОД МЕСО ВО 2013 ГОДИНА

Во 2013 година увезени се вкупно 5,142 пратки месо што споредбено со 2012 година (5,444 пратки месо) е за 5,5 % намален, но во однос на увезената количина килограми месо споредбено 2013 година (65,072,662 кг) и 2012 година (63,694,846 кг) има мал пораст од 2,16%. Живинското месо опфаќа ~ 23% од вкупно увезени пратки во 2013 година и 64% од вкупно увезена количина на месо, што споредбено со 2012 година нема значителни промени (+1%), слично е учеството на пратките пилешко месо во однос на вкупниот број на пратки месо ~60%. Во увозот, од државите доминираат Јужна Америка – Бразил со 21,5 % од вкупната количина на увезено живинско месо од Северна Америка – САД со скоро 3% и Канада со 2,5% од вкупната количина на увезено живинско месо, а од Европските земји –Германија со 21% и Холандија со 8,6% од вкупната количина на увезено месо, како и со нешто помало учество: Грција, Словенија, Полска, Франција, Белгија, Италија и Хрватска (од 6 до 3% од вкупната количина на увезено живинско месо). Свинското месо, како и во 2012 година, опфаќа 19,5% од вкупниот увоз на месо, како и 16,5% во однос на вкупниот увоз на пратки месо, и само 6% од вкупно увезени пратки во 2013 година. Најмногу е увезено од Канада со 47% Шпанија со 25,7%, и Германија со 14% од вкупната количина увезено свинско месо. Говедското месо опфаќа 16,5% од увозот на месо во 2013 година и има ~23% удел во однос на бројот на увезени пратки месо, како и 8,6% удел во севкупно увезени пратки во 2013 година. Од државите најмногу се увезува од Австрија-43%, Полска-22%, Германија ~14%, Бразил ~12% како и Романија и Канада со помалку од 2% од вкупната количина увезено говедско месо (табела 4 и слика 5).

Во 2013 година увезени се вкупно 2,017 пратки производи месо, што значи учествува со ~15% во севкупно увезените пратки во 2013 година. Споредбено со 2012 година бројот на пратки укажува на пораст од 15% , но воедно и на незначителен пад во однос на количеството увезени производи од месо од 6%, (8,253,107 кг. во 2013 година споредбено со 8,688,346 кг. во 2012 година). Најмногу производи од месо во однос на количеството се увезени од Словенија 38%,

Полска 14,5%, Србија 12%, како и Босна и Херцеговина 8% и Хрватска 7%, што споредбено со 2012 година и нема значителни промени.

Компаративната анализа на увозот на месо за периодот од 2008 до 2013 година укажува на континуиран линеарен пораст на количество на увезени пратки месо и тоа за 9 % во 2013 година споредено со просечно увезената количина месо во периодот од 2008 до 2013 година ( 57,781,717 килограми) (слика 6).

***Табела 4:*** Увоз на месо и производи од месо во 2013 година

| Вид на пратка | Количина во килограми | Број на пратки |
|---|---|---|
| **живинско месо** | 27.238.814 | 2.072 |
| **механички обескостено месо од живина** | 11.907.242 | 750 |
| **говедско месо** | 10.011.114 | 824 |
| **коњско месо** | 26.470 | 1 |
| **свинско месо** | 12.353.910 | 775 |
| **живински внатрешни органи** | 2.640.942 | 295 |
| **говедски внатрешни органи** | 650.430 | 350 |
| **свински внатрешни органи** | 270.210 | 76 |
| **производи од месо** | 8.253.107 | 2.017 |
| **вкупно** | **73.352.239** | **7.160** |




***Слика 5.*** Приказ на количество во килограми на увезени пратки месо во 2013 година




***Слика 6.*** Компаративен приказ на увезени количини месо во периодот од 2008 до 2013 година

## ДЕЛ 4

## ПРЕГЛЕД НА УВЕЗЕНИ ПРАТКИ АКВАТИЧНИ ЖИВОТНИ И ПРОИЗВОДИ ОД АКВАТИЧНИ ЖИВОТНИ ВО 2013 ГОДИНА

Во 2013 година увезени се вкупно 737 пратки производи од риба вклучително и аквакултура (разладена, замрзната, солена, чадена риба како и рибино масло), или 6,686,476 кг, што е за 14 % намалување во бројот на увезени пратки во споредба со 2012 година ( 857 пратки), и 4% намален во однос на количеството увезени килограми во 2012 година (6,968,785 кг). Овој вид производи учествува со 5,4% во вкупно увезените пратки кои подлегнуваат на проверка и преглед од страна на официјален ветеринар на граничен премин.

Во 2013 година исто како и во 2012 година, Аргентина е најголемиот извозник во нашата земја, со ~ 41% од вкупната увезена количина на пратките производи од аквакултура, што е за 10% повеќе од увезената количина лани (слика 7).

Втор најголем извозник во нашата земја е Тајланд, со 17% од вкупната увезена количина на пратките производи од аквакултура ( 3% повеќе од лани) и со 52,5% учество во увозот на производи од риба (конзервирана риба) што бележи незначителен пораст од 2,5% во споредба со лани.

Од регионот, Грција е најголема земја извозник на пратки со риба (аквакултура) и тоа свежи/разладени со 93% учество во увезената количина свежа риба, и 2% во однос на вкупно увезената количина на пратките производи од риба, но и 34% во однос на севкупниот увоз на пратки производи од аквакултура. Потоа следи Норвешка со ~ 6 % од увезената количина свежа риба.

Од Бугарија и Србија се увезува најмногу жива риба за конзум, наменета за директен пласман на пазарот која учествува со < од 1% од вкупно увезената количина на пратки производи од аквакултура. Истиот сооднос важи и за севкупниот увоз на производи од риба и аквакултура од

овие две соседни земји, со учество од < од 1% во вкупно увезената количина производи од риба во 2013 година.

Останати земји од кои се увезуваат производи од риба се Хрватска со 5% потоа Виетнам, Полска со 3 %, како и Исланд, Тунис, Кина, САД и Шпанија со ~ 2% од вкупната увезена количина на пратките риба и производи од аквакултура.




**Слика 7**. Најголеми земји извозници на риба и производи од аквакултура во 2013 година. Шематскиот приказ е по земја и број увезени пратки

## ДЕЛ 5

## ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД ПРОВЕРКИ И ПРЕГЛЕДИ НА ПРАТКИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО НА ВЕТЕРИНАРНИ ИНСПЕКЦИСКИ МЕСТА НА ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ ВО 2013 ГОДИНА

Во 2013 година, од извршените проверки и прегледи на пратки од животинско потекло, при увоз и транзит на ветеринарните инспекциски места на граничните премини во Република Македонија, остварен е финансиски приход од 97,222,275 денари (приближно 1,576,237 евра).

Најголем финансиски приход од проверка и преглед на пратки од увоз и транзит, имаат остварено ветеринарните инспекциски места на граничните премини Табановце (69%) и Богородица (18%), а сите останати премини заедно 13% (табела 5).

Во однос на финансискиот приход од проверка и преглед на пратки од увоз, најголем удел имаат ветеринарните инспекциски места на граничните премини Табановце (72%) и Богородица (18%), а сите останати премини заедно 10%. Овие бројки укажуваат дека најфреквентни премини за увоз се Табановце и Богородица (слика 8).

Најголем удел во финансискиот приход од проверка и преглед на пратки од транзит, имаат ветеринарните инспекциски места на граничните премини Табановце (37%), Богородица (14%), Деве Баир (31%) и Ново Село (13%). Овие бројки укажуваат дека за транзит најфреквентни се повеќе премини и тоа: Табановце, Богородица, Деве Баир и Ново Село а само 5% од приходите доаѓаат од транзит преку останатите премини (табела 5).

При компаративна споредба на остварените приходи за 2013 година и годините 2008 и 2009 година, се забележува драстично зголемување на приходите од увоз, а намалување на

приходите од транзит што е уште еден показател за зголемениот увоз на производи од животинско потекло, и пласирање на овој вид производи со потекло од други земји, на пазарот во Република Македонија (табела 6).

Во 2013 година, износот на приходите од увоз е зголемен за приближно 7 пати или 576% во однос на 2008 година, но споредбено со 2010 година овој процент веќе се намалува на 21%. Незначителен пад на приходите од увоз во 2013 година споредбено со 2012 година бележи индикаторот од 1%. Во однос на просекот од претходните пет години (периодот од 2008 до 2012 година) во 2013 година, износот на приходите од увоз зголемен е за 1,6 пати или 61,9% (слика 9).

Во 2013 година, износот на приходите од транзит е намален за приближно 3 пати или 33% во однос на 2008 година, односно намален е за 2 пати или 41% во однос на просекот од претходните пет години (периодот од 2008 до 2012 година) (слика 9). Споредбено со 2012 година приходите од транзит во 2013 година веќе се на исто ниво, а споредбено со 2011 бележат благ пад од ~ 11%.

***Табела 5***: Финансиски приходи изразени во денари од проверки и прегледи на пратки од животинско потекло при увоз и транзит на ветеринарните инспекциски места на граничен премин во 2013 година

| Граничен премин | Увоз | Транзит | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Табановце** | 64.033.250 | 2.892.100 | 66.925.350 |
| **Богородица** | 16.269.150 | 1.105.700 | 17.374.850 |
| **Ќафасан** | 4.361.525 | 275.150 | 4.636.675 |
| **Деве Баир** | 3.351.250 | 2.398.900 | 5.750.150 |
| **Блаце** | 396.550 | 34.750 | 431.300 |
| **Останати (Мецитлија, Ново Село, Аеродром Александар Велики)** | 1.054.750 | 1.049.200 | 2.103.950 |
| **Вкупно** | **89.466.475** | **7.755.800** | **97.222.275** |

***Табела 6:*** Финансиски приходи изразени во денари од проверки и прегледи на пратки од животинско потекло при увоз и транзит на ветеринарните инспекциски места на граничен премин во периодот од 2008 до 2013 година

| Година | Увоз | Транзит | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **2008** | 13.225.700 | 23.514.700 | 36.740.400 |
| **2009** | 13.667.460 | 17.317.475 | 30.984.935 |
| **2010** | 73.896.900 | 7.743.800 | 81.640.700 |
| **2011** | 85.158.100 | 8.678.100 | 93.843.000 |
| **2012** | 90.250.475 | 7.585.250 | 97.835.725 |
| **2013** | 89.466.475 | 7.755.800 | 97.222.275 |




*Слика 8.* Финансиски приходи од проверки и прегледи на пратки во увоз и транзит во 2013 година




*Слика 9.* Компаративен приказ на финансиски приходи од проверки и прегледи на пратки во увоз и транзит во периодот од 2008 до 2013 година.

## ДЕЛ 6

## ПРЕГЛЕД НА ПРАТКИ КОИ ПРИ УВОЗНАТА ПОСТАПКА НА ВЕТЕРИНАРНИ ИНСПЕКЦИСКИ МЕСТА НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2013 ГОДИНА СЕ ПРЕДМЕТ НА ЛАБОРАТОРИСКА АНАЛИЗА КАКО И ПРЕДМЕТ НА УНИШТУВАЊЕ ИЛИ ВРАЌАЊЕ ВО ЗЕМЈАТА НА ПОТЕКЛО

Во 2013 година при извршување на задолжителната проверка и преглед на пратки од страна на официјалните ветеринари на граничните премини, со цел заштита на јавното здравје и здравјето на потрошувачите, во делот на превземање на безбедносни мерки, земени се вкупно 5.925 мостри за анализа, што е за 665% повеќе од 2012 година (774 мостри), од кои 5.780 мостри од пратки од животинско потекло како храна за исхрана на луѓе, што е за 754% повеќе од 2012 година (677 мостри) и 145 мостри од пратки храна за исхрана на животни, што е за 49,5% повеќе од 2012 година (97 мостри). Како не безбедни за исхрана на луѓе, утвдени се вкупно 50 пратки од увоз или 0,37 % од вкупниот број на увезени пратки од кои 34 пратки се од групата храна за исхрана на луѓе (HC) и тоа млеко и производи од млеко-31 пратка и 3 пратки се месо (свинско и пилешко-МОМ). Останатите 16 пратки се од типот храна за исхрана на животни (NHC) (слика 10). Неисполнување на критериумите за безбедност на храна кај погоре наведените пратки се однесува на микробиолошки параметрите или присуство на резидуи/контаминенти над максимално дозволените вредности (слика 11).

Исто така, во 2013 како небезбедни вратени или уништени се вкупно 6 пратки кои не ги испонуваат условите за увоз поради несоодветна или непотполна документација со која треба да се потврди здравствената безбедност на истите при увоз и транзит, од нив, 1 пратка е млеко во прав за исхрана на животни.

Имено, бројот и видот на пратки кои се предмет на мострирање во 2013 година, насочен е стрикно кон пратките млеко и производи од млеко кои потекнуваат од државите од регионот (Србија, Хрватска и Босна и Херцеговина) во првиот квартал на 2013 година, токму поради потврденото присуство на Афлатоксин -резидуи/контаминенти од мувли кои се присутни кај зрнестите култури а кои се користат како основна компонента во добиточната храна (слика 11).




***Слика 10.*** Приказ на процентуален соодносна број на пратки од увоз од животинско потекло наменети за исхрана на луѓе и пратки наменети за исхрана на животни кои се небезбедни согласно микробиолошки параметрите или присуство на резидуи/контаминенти над максимално дозволените вредности

Во однос на количината, како не безбедни за исхрана на луѓе вратени и уништени се вкупно 157,590 што е за 19% повеќе, во споредба со количините производи од животинско потекло во 2012 година. Најголем дел од пратките кои не се безбедни, во количина од 110,361 килограми нештетно се уништени, додека пак 47,229 килограми, вратени се во земјата на потекло со решение издадено од страна на официјален ветеринар на граничен премин (слика 12).




***Слика 11.*** Приказ на процентуален соодносна вкупниот број на пратки од увоз кои се небезбедни согласно микробиолошки параметрите или присуство на резидуи/контаминенти над максимално дозволените вредности




***Слика 12.*** Компаративен приказ на количината на вратени и уништени пратки од животинско потекло во 2013 година, при постапка за увоз